Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 10

06.08.2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување на училишниот одбор во СОУ ,,Крсте П.Мисирков" Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за разрешување на училишниот одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар, донесено на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 05.08.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-859/1 Општина Демир Хисар**
**06.08.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24"), а во врска со член 93г став 4 од Законот за средно образование(„Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, ........., 64/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 229/20, 78/25 и 132/25), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 05.08.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на училишниот одбор во СОУ ,,Крсте П.Мисирков" Демир Хисар**

1. Се разрешува училишниот одбор во СОУ ,,Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

До Советот на Општина Демир Хисар е доставено Решение со задолжение за постапување од Министерство за образование и наука – Државен просветен инспекторат со број 31-443 од 04.08.2025 година заведено во архива на Општина Демир Хисар со број 17-848/1 на 05.08.2025 година, со кое членовите на советот се задолжуваат веднаш без одлагање, а најдоцна во рок од 30 (триесет) дена да постапат согласно член 93г став 4 од Законот за средно образование(„Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, ........., 64/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 229/20, 78/25 и 132/25) да го разрешат Училишниот одбор на СОУ ,,Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар. Постапувањето по овој акт е неопходно и извршно.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, разрешени

членови на Училишниот одбор и СОУ ,,Крсте П.Мисирков” Демир Хисар.

Бр.17-845/2 Совет на Општина Демир Хисар
05.08.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на членови во Училишниот одбор во СОУ,,Крсте Петков Мисирков” Демир Хисар – претставници од основачот**

1. Го објавувам Решението за именување на членови во училишниот одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар, донесено на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 05.08.2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-859/2 Општина Демир Хисар**
**06.08.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), а во врска со член 88 став 5 од Законот за средно образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, ........., 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 05.08.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови во Училишниот одбор во СОУ,,Крсте Петков Мисирков” Демир Хисар – претставници од основачот**

1. За членови во училишниот одбор во СОУ ,,Крсте Петков Мисирков” Демир Хисар, претставници од основачот се именуваат

- **Билјана Пејковска, Демир Хисар**
- **Емануела Талевска, с.Слепче**
- **Ице Ѓорѓијоски, с.Сопотница**

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, именувани членови и СОУ ,,Крсте П.Мисирков” Демир Хисар.

Бр.17-845/3 Совет на Општина Демир Хисар
05.08.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и 2022/24), а во согласност со член 91 став 11 и член 93г став 4 од Законот за средното образование (,,Службен весник на Република Македонија“ од бр.44/95 до 64/18 и „Службен весник на Република Северена Македонија“ од бр.229/20 до 78/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 05.08.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За разрешување на директор на СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Демир Хисар**

1.Се разрешува Маја Лозановска од функцијата директор на СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Демир Хисар.
2. .Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 04.08.2025 година од страна на Државниот просветен инспекторат до Градоначалникот на Општина Демир Хисар беше доставено Решение за задолжение за постапување со архивски број 31-443 од 04.08.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 08-847/1 на 05.08.2025 година. Со решението се задолжува Градоначалникот на Општина Демир Хисар веднаш без одлагање а најдоцна во рок од 30 дена да се постапи по истото, односно да го разреши директорот на СОУ “Крсте Петков Мисирков Демир Хисар“. Постапувањето по тој акт е неопходно и извршно.

Согласно горенаведеното, Градоначалникот на Општина Демир Хисар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот има право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за разрешување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до:**
- Разрешениот директор,
- Архивата на Општина Демир Хисар,
- СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Демир Хисар и
- Државен просветен инспекторат.

08-852/1
05.08.2025

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и 2022/24), а во согласност со член 93в став 1 од Законот за средното образование (,,Службен весник на

Република Македонија“ од бр.44/95 до 64/18 и „Службен весник на Република Северена Македонија“ од бр.229/20 до 78/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 05.08.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување на вршител на должноста директор на СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Демир Хисар**

1.Се именува Јасмина Дамчевска на функцијата вршител на должноста директор на СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Демир Хисар, вработена како професор по биологија во училиштето.
2. Мандатот на вршителот на должноста директор започнува 06.08.2025 година.
3. Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.
4. .Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 05.08.2025 година Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе Одлука за разрешување на директорот на СОУ Крсте Петков Мисирков Демир Хисар со архивски број 08-852/1.

Согласно горенаведеното, Градоначалникот на Општина Демир Хисар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до:**
- Именуваниот вд директор,
- Архивата на Општина Демир Хисар,
- СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Демир Хисар

**08-853/1**
**05.08.2025**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола најдовски с.р.**

---------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за разрешување на училишен одбор во СОУ Крсте П Мисирков демир Хисар-----------------------------------------------1-2
2.Решение за именување членови во училишен одбор во СОУ Крсте П Мисирков Демир Хисар-претставници на основачот2-3
3.Решение за разрешување на директор на СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар-------3
4,Решение за именување вд директот на СОУ Крсте П Мисирков Демир Хисар----------4

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**